***З А П И С Н И К***
***од Итна седница  на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 21.11.2022 година***

Седницата се одржа во кабинетот на Грдаоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 7 (седум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Александра Трајковска, Марина Димитријовска, Филип Ангелевски, Јордан Кромидаровски и  Валентин Несторoски, а отсутни беа советниците Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Јасмина Јовановска и Сандра Пејковска. На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутен беше Раководителот Игор Дамјановски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На  седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка од Општина Могила.

2.Донесување на Решение за именување на членови во заедничка комисија за подготовка на предлог акти за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила.

3.Донесување на Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Могила.

4.Донесување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила.

5. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присутсво од седум советници. Градоначалникот Никола Најдовски ја образложи потребата од свикување на итна седница на Совет. Имено поради потребата за донесување на одлуки за меѓуопштинска соработка со општина Могила. На предходната седница беше образложен проблемот со кој се соочува општината по заминување на архитектот во пензија. Од страна на општина Могила имаше доставено предлог за меѓуопштинска соработка во делот на инспекциски служби. Од остварените разговори со општината се најде заедничко решение општина Демир Хисар да обезбеди инспектор за животна средина, а тие да ни обезбедат архитект. Во таа насока е итната седница, за прифаќање на одлуката за меѓуопштинска соработка, донесување на решение за формирање на заедничка комисија и донесување на одлука за утврдување на потреба од меѓуопштинска соработка за одделението за урбанизам односно ахритект. Договорот би траел до 31.12.2023 или додека не најдеме соодветен кадар. За оваа постапка нема финансиски обврски една кон друга општина, се покриваат само трошоците за превоз. Советникот Валентин Несторoски праша со оваа постапка ќе работат само по потреба. Градоначалникот Никола Најдовски одговори да по потреба ќе доаѓа. Претставникот Игор Дамјановски дополнително објасни ќе се формираат

заеднички комисии кои ќе изготват договори, кои ќе треба да се објават во службени гласила на двете општини, исто и во службен весник ќе треба да се објави. Од општина Могила побараа тројца инспектори, ние се договоривме ден да обезбедиме, потоа апелираше до советниците ќе треба да се донеси план за вработување да се распише оглас можеби нема никој да се пријави, а можеби ќе се пријави некој од друга општина, ако треба и раководител на сектор ќе се понуди за повисока плата и од друга општина би дошол некој да работи.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна ова е образложението за оправданоста од свикување на итна седница. Ако нема забелешки предложениот Дневен ред го стави на гласање. Со 7 „за“ беше усвоен Дневниот ред

***ТОЧКА 1. Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка од Општина Могила***

Во врска Одлуката за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка од Општина Могила беше опфатена целата дискусија во образложението. Забелешки немаше. Со 7 „за“ против и воздржани немаше одлука беше донесена.

***ТОЧКА 2. Решение за именување на членови во заедничка комисија за подготовка на предлог акти за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила***

За Решението за именување на членови во заедничка комисија за подготовка на предлог акти за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила забелешки немаше. Едногласно со 7 „за“ беше донесено.

***ТОЧКА 3. Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Могила***

По Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Могила дискусија немаше. Со 7„за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 4. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила***

За Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила немаше забелешки. Едногласно со 7 „за“ беше донесено.

***ТОЧКА 5. Предлози и прашања***

Дискусија немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1498/3<br>21.12.2022 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател<br>Љупчо Најдовски с.р.